Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр.18-5536/1, 29.09.2025г. од барателот Здружение за истражувања и анализи, ЗМАИ, Скопје, Ул. Железничка бр.2-7, 1000 Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**Се уважува барањето бр. 18-5536/1 од 29.09.2025 година**, поднесено од Здружението за истражувања и анализи – ЗМАИ, Скопје, и **се овозможува пристап до бараните информации од јавен карактер.**

Бараните информации се доставени во образложението на ова решение, согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Здружение за истражувања и анализи, ЗМАИ, Скопје, Ул. Железничка бр.2-7, 1000 Скопје, на ден 24.09.2025 г. на имеил до Општина Крива Паланка достави барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под архивски број 18-5536/1, 29.09.2025г.. Барањето е поднесено врз основа на член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019).

По спроведен увид, беше утврдено од органот дека информациите што се бараат се информации од јавен карактер и дека не постојат законски пречки за нивна достава. Со тоа се исполнети условите за одобрување на пристап, согласно член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019.

**Барателот со барањето бара 17 различни информации, во продолжение Ви доставуваме одговори на сите 17 прашања кои ги имате наведено во барањето-прашалникот:**

1. Дали општината го има донесено предлог-планот на програми за развој за фискалната 2024 година во законскиот рок? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

   **Да меѓутоа не како посебен документ или секција на веб страната туку се објавени во службен гласник програмите и одлуките кои се донесени на совет и истите може да се најдат во Службен гласник 15 од 2023 (од стр.31 до стр 37).**

   **линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/sluzhben-glasnik**

2. Дали предлог-планот на програми за развој за фискалната 2024 година е објавен на веб-страницата на општината?- Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

   **Да меѓутоа не како посебен документ или секција на веб страната туку се објавени во службен гласник програмите и одлуките кои се донесени на совет и истите може да се најдат во Службен гласник 15 од 2023 (од стр.31 до стр 37).**
   **Додека во буџетот исто така не се издвоени посебно, туку се прикажани во рамки на редовните буџетски прегледи (образложение на буџет, буџетски расходи по програми и буџет аналитика)**
   **линкови:**
   https://www.krivapalanka.gov.mk/sluzhben-glasnik vpd (d98/11)
   Budhet-2024-analitika.pdf
   Obrazlozhenie-2024.pdf

3. Дали може да се најде предлог-буџетот на општината за 2024 година (доставен до Советот на општината) на веб-страницата на општината? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

   **Предлог буџетот за 2024 година доставен до Советот на општината не е објавен како таков на веб страната. Истиот е објавен како дел од дневниот ред на седницата, и е дел од материјалите кои се доставуваат до советот.**

4. Дали општината има објавено граѓански буџетот за 2024 година на својата веб-страна, согласно донесениот буџет? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде

   **Одговор: Да го има објавено, се наоѓа на следниот линк:**
   **Struktura-na-Budhetot-na-Opshtina-Kriva-Palanka-za-2024.pdf**

5. Дали на веб-страницата на општината е објавен последниот ревизорски извештај на буџетот на општината? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

   **Ревизорските извештаи се објавени на следниот линк:**
   **Ревизорски извештаи**

6. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2024година? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

   **Завршната сметка е презентирана и дискутирана на седница на совет на општина, седницата е јавна и на неа може и присуствуваа претставници од здруженија на граѓани, совет на млади, заинтересирани граѓани, притоа истата седница се пренесува во живо на веб страната на општината и може да се најде и во менито видео пренос на седници од совет, линк подолу:**
   **Видео пренос од седници на Совет**

7. Дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековната и постојана резерва на буџетот за 2024 година, односно ги објавила намените за кои се реализираа овие средства? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

   **Извештајот за реализација на тековната и постојаната резерва е интегрален дел од Годишниот извештај по заршна сметка за 2024 година и истиот може да се најде на следниот линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/zavrsni-smetki**

8. Дали општината објавила листа на добиени предлози од страна на граѓаните за буџетот за 2024 година на својата веб-страница? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

ДА – Извештај од реализиран родово одговорен буџетски форум

**линк : https://www.krivapalanka.gov.mk/budzet**

9. Дали општината ги објавила проектите и иницијативите кои дошле од граѓаните и биле внесени во Буџетот за 2024? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде

**ДА : Фаил приоретизирани граѓански предлози и приоретизирани препораки.**

**https://www.krivapalanka.gov.mk/budzet**

10. Дали општината има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

**Да има пропишани процедури и истите може да се најдат на следниот линк:**

**-https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/8.3_3.Godishni-programi.pdf**

**-https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/downloads/sluzben-glasnik/2010/slg12_2010.pdf страна 61 односно 448 ос службениот гласник.**

**2.2 Статутарна Одлука**

**https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/downloads/sluzben-glasnik/2010/slg12_2010.pdf страна 54 односно 441 ос службениот гласник**

**2.3 Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Крива Паланка**

**https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/downloads/sluzben-glasnik/2010/slg12_2010.pdf страна 55 односно 442 од службениот гласник**

11. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2024 година? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

**Да**

**Родови индикатори се дефинирани во акцискиот план на програмските документи и тоа:**

**Родово одговорна стратегија за одржлив развој 2022-2027**

**https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Strategija-Rod-Ed-Opstina-Kriva-Palanka_03-3.pdf/**

**Годишни програми линк: Програмски документи , Програмиа 2024 година ( во акциските планови на годишните оперативни програми)**

12. Дали општината го има јавно објавено Етички кодекс за избрани и именувани лица на својата веб-страница? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

**ДА: ЕТИЧКИ КОДЕКС**

Линк: КОДЕКС ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО

ttps://www.google.com/search?client=firefox-b-e&q=КОДЕКС+ЗА+ТРАНСПАРЕНТНОСТ+НА+ЛОКАЛНО+НИВО

13. Дали општината го има јавно објавено Правилник за внатрешно пријавување на корупција на својата веб-страница? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде

    **Нема**

14. Дали општината го има јавно објавено Годишни извештаи за спроведување на антикорупциските политики на својата веб-страница?- Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде.

    **Нема**
15. Дали на веб-страницата на општината постои посебен линк за заштитено пријавување во општината и посебен линк за заштитено пријавување кај други надворешни канали (Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство или Народниот правобранител)? Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде .
16. Дали општината го има објавено регистарот на подароци, гостопримства и погодности кој го доставува до ДКСК? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде

    **Нема**
17. Дали на веб-страницата на општината има посебен дел каде се објавува дали и како се постапува по пријава за корупција? - Ако да, наведете го точниот линк каде може да се најде
    **Нема**

Согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), органот ја испорачува информацијата на начин и во форма наведени во барањето, бидејќи е технички изводливо.

Правна поука: Против ова решение, барателот има право на жалба преку органот до **Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**, во рок од **15 дена од денот на приемот на решението**, согласно член 35 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**